

УНИ Банка
Твојата Банка

Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Референт во Служба за спречување на перење пари и финасирање на тероризам

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

## Квалификации:

- Универзитетско образование (Економски или Правен Факултет);
- Работно искуство од минимум 1 година во банкарски сектор;
- Ги познава прописите и законите кои ја регулираат материјата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам;
- Одлични способности за тимска работа, комуникација и меѓучовечки односи;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Напредно познавање на MS Office;
- Поседување на безбедносен сертификат ќе се смета за предност.

## Работни активности:

- Следење на деловните односи со клиентите и трансакциите во рамките на воспоставените деловни односи;
- Идентификување на сложени и невообичаени трансакции и трансакции на сомневање за перење пари и финансирање на тероризам;
- Изработува дневни законски и интерни извештаи;
- Одговара на Барања и изработка на дописи до надворешни инситуции;
- Изработува нови и врши измена на постоечки Политики, Процедури, Методологии, Работни Инструкции и Упатства;
- Соработува со домашни банки како и со останати институции за потребите од областа на СППФТ и други прашања поврзани со законските регулативи;
- Извршува тековни и останати работи по налог на Раководителот на Службата.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 22.07.2024 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk